Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-128/1
21.06.2021 год.
СКОПЈЕ

До
Општина Ѓорче Петров
ул. Ѓорче Петров бр. 73, 1000 Скопје

Од
Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ул. Даме Груев бр. 1, 1000 Скопје

# ИЗВЕСТУВАЊЕ
## за покренување постапка за заштита од дискриминација по службена должност

Почитувани,
Комисијата за спречување и заштита во изминатиот период забележа реакции од повеќе здруженија на граѓани по социјалните мрежи за започнати градежни работи на Општината Ѓорче Петров на три метарски ѕид во населбата Даме Груев, на место во кое живее претежно ромско население. Воедно, Комисијата беше информирана дека и локалното население од населбата Даме Груев имало реакции и протести на ваквата најава. Споменатите информации говорат дека Општина Ѓорче Петров посочува дека не станува збор за градење на ваквов ѕид, туку на ограда, а истото е од безбедносни причини за заштита и превенција од сообраќајни несреќи во овој дел од општината. Ваквите информации се потврдени и со изјава на претставникот на Секторот за урбанизам при Општина Ѓорче Петров, Никола Лазаревски, дадена за порталот Рома Прес, што може да се види на слендиов линк:

https://www.facebook.com/274676873445175/posts/839818163597707/

Градењето на ваква ограда може да доведе до сегрегација на ромското население во општината. Согласно чл. 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, сегрегацијата претставува физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел.

Согласно чл. 21, ст. 1, алинеа 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација има законска надлежност да поведува постапки за заштита од дискриминација по службена должност. Согласно чл. 23, ст. 4 од истиот закон, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација покренува постапка по службена должност ако од околностите и фактите, како и од сознанието добиено по допрен глас, основано произлегува дека од страна на државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, правните лица со јавни овластувања е извршена дискриминација во согласност со дискриминаторските основи.

Согласно наведеното, како и фактот дека во конкретниот случај засегнати се поголем број лица, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи по службена должност да поведе постапка за заштита од дискриминација против Општината Ѓорче Петров за потенцијално сторена сегрегација врз основа на етничка припадност на жителите од ромска етничка припадност од населбата Даме Груев.

Имајќи предвид дека се исполнети условите од чл 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во однос на префрлање на товарот на докажување, врз основа на чл. 24, став 7 од истиот закон, ве повикуваме **најдоцна во рок од 15 дена од приемот на ова известување** писмено да се произјасните по следниве прашања:

- Дали Општина Ѓорче Петров врши или планира да изврши изградба на заштитен ѕид или ограда во населбата Даме Груев, на место во кое живее претежно ромско население?

- Доколку се врши ваква изградба колкава е висината на оградата или ѕидот?

- Врз основа на какви претходни анализи, истражување и проценки Општина Ѓорче Петров утврдила дека е потребно градењето на ваквата ограда или ѕид? Ве молиме во прилог доставете ни ги сите релевантни документи кои претходеле на одлуката да се започне со предметната изградба.

- Колку сообраќајни несреќи се регистрирани на улицата на која се гради заштитананата ограда или ѕид во последните 3 години? Колку сообраќајни несреќи се регистрирани во останатиот дел од Општина Ѓорче Петров во изминатите 3 години?

- Дали Општината Ѓорче Петров разгледала други алтернативни решенија за намалување на опасноста од сообраќајни несреќи на местото на кое се гради заштитниот ѕид или ограда, како забавувачи на брзина (т.н. "лежечки полицајци), дополнителна хоризонтална или/и вертикална сигнализација за забавување на брзина, дополнителни сообраќајни знаци и слично? Доколку да, ве молиме наведете ги разгледаните алтернативни решенија и образложете зошто истите не се прифатени и не се имплементираат.

Скопје
21.06.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје